


**ИСЕЛЕНИЧКАТА ФОНДАЦИЈА „ПЕТАР СТАМАТОВ“**

**НА УКИМ**

***Делото „Петар Стаматов“ чиј автори се Славе Николовски-Катин и внукот на Стаматов проф.Методија Трајковски е ед
но од значајните
издани
ја
на
Универзитет „Св. Кирил и Методој“ (УКИМ), отпечатено во 2010 година на 192 страници, на македонски и на англиски јазик. Во ова издание се дадени животот и делото на донаторот Петара Стаматов и неговата сопруга Јажа.***

Инаку, Универзитет „Св. Кирил и Методој“ е најстар и најголем универзитет на македо
нски јазик
со седиште во
Скопје
. Формиран е на
24 април
1949
година со три
факултети

, а денес претставува заедница на 24 факултети, 9 научни институти (5 составни и 4 кои соработуваат со универзитетот) и 6 други институции. За прв ректор е избран Кирил Миљовски, а сегашен ректор е Никола Јанкуловски.

Во врска со мисијата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” се вели дека тој е автономен, научен, високо-образовен универзи-тет, кој обез----бе---дува наставна, научна и апликативна дејност во природно-математичките, техничко-технолошките, медицинските науки и здравството, биотехничките, општествените и хуманистичките науки и во уметностите. Универзитет е посветен на негувањето и на интерна-ционалната афирма-ција на традиционалните обележја и вредности на маке-дон-скиот народ (македонскиот јазик, историјата, литера-ту-ра-та и култура-та) и, истовремено, на негувањето на култур-ните вредности на другите етнички заедници во државата.

Универзитетот е отворен за сите студенти врз основа на ед-нак-вост и резултати, без разлика на нивното идео-лошко, политич-ко, етничко, културно и социјално потекло. Затоа, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” е определен за постигнување на европските норми и стандарди во сите области на своето дејству-вање.







**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**